# Службен гласник

## на Општина Струмица

| Број 4 | Вторник, 25 април 2006 год. |
|---|---|

**С о д р ж и н а**

**Совет на општина Струмица:** Стр.

**48.** **Програма** за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Струмица за 2006 година....................... 86

**49.** **Одлука** за отуѓување на градежно неизградено земјишите сопственост на Општина Струмица................................... 86

**50.** **Решение** за избор на претседател и членови во Комисијата за полова рамноправност ......................................... 87

**51.** **Решение** за избор на претседател и членови во Одборот за подигање на спомен обележја ...................................... 88

**52.** **Решение** за избор на претседател и членови на Верификационата комисија .............................................. 88

**53.** **Решение** за избор на членови на Советот за заштита на потрошувачите ................................... 89

**54.** **Решение** за избор на членови на Партиципативното тело од областа на урбанизмот...................................... 89

**Градоначалник на општина Струмица:**

**55.** **Решение** за образецот на формата и содржината на легитимацијата за вршител на трговска дејност од мал обем …………………………………………. 90

**56.** **Прилог бр. 1: Образец** на Легитимацијата за вршител на трговска дејност од мал обем – предна страна ……………. 91

**57.** **Прилог бр. 2: Образец** на Легитимацијата за вршител на трговска дејност од мал обем – задна страна …………… 92

**58.** **Решение** за пропишување на образецот на барање за регистрација за вршител на трговска дејност од мал обем ………. 93

**59.** **Решение** за пропишување на образецот на барање за бришење од Регистерот на вршители на трговска дејност од мал обем ………. 95

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број 4/03 и 2/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Програмата за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Струмица за 2006 година

Се објавува Програмата за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Струмица за 2006 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 20.04.2006 година.

Бр. 08-2317/2 Градоначалник
25.04. 2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

......................

**48.**

Врз основа на член 21 од Статутот на општина Струмица (“ Сл. гласник на општина Струмица” бр. 4/03 и 2/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 20.04.2006 година донесе

**П р о г р а м а**
**за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Струмица за 2006 година**

Член 1

Во Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Струмица за 2006 година (“ Сл. гласник на Општина Струмица ” бр. 17/05) во точка 2. Планирани активности под 6. Детални урбанистички планови по реден број 13 се додаваат два нови редни броеви кои гласаат:

14. Блок број 25
15. Блок број 26

Член 2

Оваа Програма влегува во сила по објавувањето во “ Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр.07-2317/1 Совет на општина Струмица
21.04.2006 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

.........................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број 4/03 и 2/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за отуѓување на градежно неизградено земјшите сопственост на Општина Струмица

Се објавува Одлуката за отуѓување на градежно неизградено земјшите сопственост на Општина Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 20.04.2006 година.

Број 08-2316/2 Градоначалник
25.04. 2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

....................

**49.**

Врз основа на член 66 од Законот за локална самоуправа (“ Сл. весник на РМ” бр. 5/02) и член 21 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” бр. 4/03 и 2/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 20.04.2006 година донесе

**О д л у к а**
**за отуѓување на градежно неизградено земјшите сопственост на Општина Струмица**

Член 1

Се одобрува продажба на градежно неизградено земјиште,

сопственост на Општина Струмица на КП бр. 2495/1 во КО Струмица во површина од 2339 $м^2$.

Член 2

Продажбата ќе се изврши по пат на јавно наддавање во согласност со Закон.

Член 3

Почетната продажната цена на недвижноста да изнесува 1250 ден/$м^2$.

Член 4

Постапката за продажба на недвижноста по пат на јавно наддавање ќе ја спроведе комисија од 3 (три) члена формирана од страна на градоначалникот на Општината.

Член 5

Финансиските средства добиени од продажбата на недвижноста ќе се искористат согласно Буџетот за реализација на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Струмица.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр.07- 2316/1 Совет на општина Струмица
21.04.2006 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

...............................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број 4/03 и 2/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Решението за избор на претседател и членови во Комисијата за полова рамноправност

Се објавува Решението за избор на претседател и членови во Комисијата за полова рамноправност, донесено на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 20.04.2006 година.

Бр. 08-2311/2 Градоначалник
25.04. 2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

....................

**50.**

Врз основа на член 21 од Статутот на општина Струмица ( "Сл. гласник на општина Струмица" бр. 4/03 и 2/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 20.04.2006 година донесе

**Р е ш е н и е**
**за избор на претседател и членови во Комисијата за полова рамноправност**

1. Во Комисијата за полова рамноправност на Советот на општина Струмица се избираат:

-Андријана Донкова, за претседател;
- Крсте Секуловски, член;
- Снежана Јанева, член;
- Тинка Заева, член; и
- Слободанка Триводалиева, член.

2. Ова Решение влегува во сила по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр.07-2311/1 Совет на општина Струмица
21.04.2006 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број 4/03 и 2/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Решението за избор на претседател и членови во Одборот за подигање на спомен - обележја

Се објавува Решението за избор на претседател и членови во Одборот за

подигање на спомен обележја, донесено на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 20.04.2006 година.

Бр. 08-2315/2 Градоначалник
25.04. 2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..................

**51.**

Врз основа на член 21 од Статутот на општина Струмица ( "Сл. гласник на општина Струмица" бр. 4/03 и 2/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 20.04.2006 година донесе

**Р е ш е н и е**
**за избор на претседател и членови во Одборот за подигање на спомен обележја**

1. Во Одборот за подигање на спомен обележја на Советот на општина Струмица се избираат:

- Гогов Митко, за претседател;
- Никола Певќев , член;
- Рујак Зоран , член;
- Кончалиев Бранко , член;
- Митко Тошев , член;
- Љупка Василева, член;
- Иван Јовев, член.

2.Ова Решение влегува во сила по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр.07-2315/1 Совет на општина Струмица
21.04.2006 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

....................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број 4/03 и 2/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Решението за избор на претседател и членови на Верификационата комисијата

Се објавува Решението за избор на претседател и членови во Верификационата комисија, донесено на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 20.04.2006 година.

Број 08-2312/2 Градоначалник
25.04. 2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..............................

**52.**

Врз основа на член 21 од Статутот на општина Струмица ( "Сл. гласник на општина Струмица" бр. 4/03 и 2/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 20.04.2006 година донесе

**Р е ш е н и е**
**за избор на претседател и членови на Верификационата комисија**

1.Во Верификационата комисија на Советот на општина Струмица се избираат:

-Андријана Донкова, за претседател;
- Драги Црнгаров , член;
- Атанас Тенев , член;

2. Ова Решение влегува во сила по објавувањето во " Сл. гласник на општина Струмица".

Бр.07-2312/1 Совет на општина Струмица
21.04.2006 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број 4/03 и 2/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Решението за избор на членови на Советот за заштита на потрошувачите

Се објавува Решението за избор на членови на Советот за заштита на

потрошувачите, донесено на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 20.04.2006 година.

Број 08-2314/2 Градоначалник
25.04. 2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..................

**53.**

Врз основа на член 21 од Статутот на општина Струмица ( “Сл. гласник на општина Струмица” бр. 4/03 и 2/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 20.04.2006 година донесе

**Р е ш е н и е**
**за избор на членови на Советот за заштита на потрошувачите**

1. За членови во Советот за заштита на потрошувачите на Советот на општина Струмица се избираат:

- еден претставник од фирмата “Градион”
- еден претставник од фирмата “ Макс”;
- еден претставник од фирмата “ Ал Макс”
- Богоева Кети ;
- Тодор Банков ;
- Ѓорги Гидалов ;
- Никола Андреев ;
- Ванчо Котев ;
- Слободанка Мастева.

2. Ова Решение влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр.07-2314/1 Совет на општина Струмица
21.04.2006 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

..........................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број 4/03 и 2/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Решението за избор на членови на Партиципативното тело од областа на урбанизмот

Се објавува Решението за избор на членови на Партиципативното тело од областа на урбанизмот, донесено на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 20.04.2006 година.

Бр. 08-2313/2 Градоначалник
25.04. 2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.............................

**54.**

Врз основа на член 17 точка 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ( “Сл. весник на РМ” бр. 51/05) и член 21 и 48 од Статутот на општина Струмица ( “Сл. гласник на општина Струмица” бр. 4/03 и 2/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 20.04.2006 година донесе

**Р е ш е н и е**
**за избор на членови на Партиципативното тело од областа на урбанизмот**

1. За членови во Партиципативното тело од областа на урбанизмот на Советот на општина Струмица се избираат:

- Никола Медарски, член на Советот на општината;
- Георги Николов, член на Советот на општината;
- Ристаке Георгиевски, од облиците на месната самоуправа;
- Лидија Бундевска, од здруженија на граѓани;
- Томе Тимов, од здружение на стручни лица;
- Ѓорги Димитриевски, од здружение на стручни лица;
- Стојан Динев, од Општинската администрација.

2. Ова Решение влегува во сила по објавувањето во “ Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр.07-2313/1 Совет на општина Струмица
21.04.2006 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

**55.**

Врз основа на член 63 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ" број 5/02), член 4 став 6 од Уредбата за трговски дејности од мал обем и начинот на нивната регистрација ("Сл. весник на РМ" број 64/05) и член 39 од Статутот на општина Струмица, ("Сл. гласник на општина Струмица" број 4/03) Градоначалникот на општина Струмица донесе

**Р е ш е н и е**
**за образецот на формата и содржината на легитимацијата за вршење на трговска дејност од мал обем**

1. Со ова Решение се пропишува формата и содржината на легитимацијата за вршење на трговска дејност од мал обем.

Образецот на легитимацијата е прикажан во прилог кој е составен дел на ова Решение.

2. Легитимацијата се издава на образец со димензиите 14 х 20 см на картон со бледожолта боја.

На предната страна легитимацијата содржи:

На левиот горен агол стои слика на барателот со димензии 3 х 3,5 см, десно од него грбот на Општина Струмица.

Под нив стои Општина Струмица и називот на Легитимацијата "Легитимација за вршење на трговска дејност од мал обем".

На средината стои називот Легитимација за вршење на трговска дејност од мал обем.

Името и презимето на барателот, ЕМГ и лична карта број.

Името на локацијата каде што ја врши дејноста, улица на која се наоѓа и нејзина површина.

Висина на надоместокот за користење на локацијата и рокот на важноста на легитимацијата.

На задната страна на легитимацијата на долниот дел се наоѓа текстот:

"Имателот е должен да ја истакне ЛЕГИТИМАЦИЈАТА на видно место, на тезга.

Губењето на легитимацијата или промената на адресата на живеење, се пријавува во Одделението за локален економски развој на Општина Струмица кое ја издало легитимацијата".

3. Губењето на легитимацијата се пријавува во надлежниот орган на Општината кој ја издал легитимацијата.

Препис и нова легитимација ќе се добие ако таа е изчезната, дотраена или оштетена.

Преписот или новата легитимација се издава на барање на имателот на легитимацијата.

Оштетената и дотраената легитимација се одзема и уништува за што се прави записник од страна на службеното лице што ја води постапката.

4. Легитиамцијата ја издава Градоначалникот заедно со Решение со кое лицето се регистрира како вршител на трговска дејност од мал обем.

5. Легитимацијата има важност за времето за кое е издадено Решението или додека вршителот на дејноста, по некој основ не биде избришан од Регистарот на вршители на трговска дејност од мал обем.

6. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Сл. гласник на општина Струмица".

Број 08-2395/1 — Градоначалник
25.04.2006 год. — на општина Струмица
С т р у м и ц а — Зоран Заев с.р.

**56.**

Прилог бр. 1:

Образец на Легитимацијата за вршител на трговска дејност од мал обем
- предна страна 14 х 20 см.

Место за фотографија 3 х 3,5 см

**ОПШТИНА СТРУМИЦА**

**Л Е Г И Т И М А Ц И Ј А**

ЗА ВРШИТЕЛ НА ТРГОВСКА ДЕЈНОСТ ОД МАЛ ОБЕМ

| | |
|---|---|
| Име и презиме: | |
| Адреса: | |
| ЕМБГ | |
| Бр. на лична карта и издадена од | |
| Трговска дејност од мал обем: | |
| Назив на локацијата | |
| Место на локацијата | |
| Површина во $м^2$ | |
| Месечен износ на надоместокот: | |
| Важи од -до: | |

Бр. ___________

_______________
С т р у м и ц а

Општина Струмица
Градоначалник,
Зоран Заев

**57.**

Прилог бр. 2:
Образец на Легитимацијата за вршител на трговска дејност од мал обем
- задна страна 14 x 20 см.

Имателот е должен да ја истакне ЛЕГИТИМАЦИЈАТА на видно место, на тезга.

Губењето на легитимацијата или промената на адресата на живеење, се пријавува во Одделението за локален економски развој на општина Струмица, кое ја издало Легитимацијата.

**58.**

Врз основа на член 63 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ” бр. 5/02), член 3 од Уредбата за трговски дејности од мал обем и начинот на нивна регистрација (“Сл. весник на РМ” бр. 64/5) и член 39 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” бр. 4/03), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за пропишување на образецот за барање за регистрација на вршител на трговска дејност од мал обем**

1. Образецот на Барњето за регистрација на трговска дејност од мал обем ја има следната форма и содржина:

**До**
**Градоначалникот на**
**Општина Струмица**
**-Одделение за локален економски развој-**
**С т р у м и ц а**

| |
|---|
| |

(Место за заверка од Општина Струмица)

## Б а р а њ е
## за регистрација на вршител на трговска дејност од мал обем

Име и презиме на физичкото лице –Барател

| |
|---|
| |

Адреса на живеење (населено место, улица и број)

| |
|---|
| |

| Единствен матичен број на граѓанинот | Телефонски број |
|---|---|
| | |

**Карактеристики на барањето**

Барам да се изврши регистрација за вршење на трговска дејност од мал обем:

________________________________________________________________

________________________________________________________________

(да се наведе видот на дејноста од член 2 на Уредбата за трговски дејности од мал обем
и начинот на нивна регистрација)

Трговската дејност од мал обем ќе ја вршам:

________________________________________________________________

________________________________________________________________

(Да се наведе начинот на вршење: на определена локација, во движење, на сопствено земјиште
или во сопствен дом)

Опис на тезгата:

________________________________________________________________

(Ако дејноста се врши на тезга)

Дали претходно обавувал таква дејност, кога и каде:

________________________________________________________________

________________________________________________________________

**Приложени докази**

- Фотокопија од лична карта
- Доказ дека е невработен
- Фотографија на барателот
- Доказ дека е платен надоместок за користење локацијата за првиот месец, освен за локација во сопствено земјиште

Изјавувам дека сакам да работам, односно вршам трговска дејност од мал обем и потврдувам дека дадените информации се точни.

_______________ 200____ Барател,
Струмица _______________________

2. Образецот на Барањето е на А4 формат

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл. гласник на Општина Струмица”.

Бр. 08-2394/1
25.04.2006 год.
Струмица

Градоначалник
на општина Струмица
Зоран Заев с.р.

**59.**

Врз основа на член 63 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ” бр. 5/02), член 3 од Уредбата за трговски дејности од мал обем и начинот на нивна регистрација (“Сл. весник на РМ” бр. 64/5) и член 39 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” бр. 4/03), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за пропишување на образецот за бришење од Регистерот на вршители на трговска дејност од мал обем**

1. Образецот на Барањето за бришење од Регистерот на вршители на трговска дејност од мал обем ја има следната форма и содржина:

**До**
**Градоначалникот на**
**Општина Струмица**
**-Одделение за локален економски развој-**
**С т р у м и ц а**

| |
|---|
| |

(Место за заверка од Општина Струмица)

**Б а р а њ е**
**за бришење од Регистерот на вршители на трговска дејност од мал обем**

Име и презиме на физичкото лице –барател

| |
|---|
| |

Адреса на живеење (населено место, улица и број)

| |
|---|
| |

| Единствен матичен број на граѓанинот | Телефонски број |
|---|---|
| | |

Број на Решение со кое е регистриран за вршител на трговска дејност од мал обем

| |
|---|
| |

Вид на трговската дејност од мал обем за која се бара бришење од Регистерот

| |
|---|
| |

Место-Локација

| |
|---|
| |

_______________ 200____
С т р у м и ц а

Б а р а т е л,
____________________

2. Образецот на Барањето е на А4 формат

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 08-2396/1
25.04.2006 год.
С т р у м и ц а

Градоначалник
на општина Струмица
Зоран Заев с.р.